Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за јавна администрација
Ministria e administratës publike
Бр. - Nr 16-1098/1
09.03.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

# СКРАТЕНА ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ИНСПЕКТОР

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 16-1098/1 | | Горан Минчев |
| | | | [име и презиме] |
| Датум: | 09.03.2026 | | Министер |
| | | | [функција] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | |
| | | | [потпис] |

## ВОВЕД

Во согласност со член 36 став 9 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/2025), Министерот за јавна администрација го пропишува начинот на полагањето, начинот на пријавување на испит за инспектор, како и формата и содржината на барањето за полагање на испитот за инспектор.

Оваа Програма се донесува и истата ќе се применува за кандидатите за инспектори кои постапката за стекнување на статус на инспектор ја имаат започнато пред денот на отпочнување со примена на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/2025), а согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25).

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главната цел на донесување на оваа Програма е да се пропише начинот и постапката на полагањето на испитот за инспектор за кандидатите за инспектори кои постапката за стекнување на статус на инспектор ја имаат започнато согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19, 272/24 и 22/25) (во натамошниот текст „испит“).

## НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ

Кандидатот за инспектор е должен да го полага испитот во рок од три месеци по истекот на една година од денот на вработување во инспекцијата, во која се стекнал со практични знаења за вршење на инспекциски надзор преку практична обука, која ја спроведува инспекцијата во која е вработен.

Испитот се организира и спроведува од страна на Министерството за јавна администрација, во просторија која е материјално опремена со соодветна опрема за спроведување на испитот.

Испитот ќе се организира и спроведе во сесии во текот на 2026 година.

Кандидатите за инспектори не поднесуваат Барање за полагање на испит и инспекцијата во која што се вработени не сноси трошок за полагањето на испитот .

Испитот ќе спроведе врз основа на уредно доставено известување од страна на Министерството за јавна администрација, по електронски пат, до кандидатите за инспектори

кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот и до инспекциската служба во која е вработен кандидатот за инспектор.

Известувањето ќе го содржи денот и часот на полагање на испитот, при што истото дополнително ќе биде објавено и на веб страницата на Министерството за јавна администрација.

Доколку кандидатот за инспектор кој е уредно поканет, а неоправдано не се појави на испитот или се откаже во текот на полагањето, се смета дека не го положил истиот.

За време на полагањето на испитот не е дозволено:

- да се употребува било каква литература;
- да се употребува информатичко – комуникациска опрема, вклучувајќи мобилни телефони, преносни компјутери и слично;
- да се препишува;
- да има вербална или друга комуникација помеѓу кандидатите и
- да се напушта просторијата во која се полага испитот.

Кандидатот за инспектор кој при полагањето на испитот постапува спротивно на погоренаведените правила, ќе биде отстранет од испитот и ќе се смета дека не го положил испитот.

ИСПИТНИ ПРАШАЊА

Испитот се полага со одговарање на писмен тест.

Тестот се состои од 30 испитни прашања од областа на управен спор. За секое прашање се понудени по три можни одговори, од кои само еден е точен.

Вкупниот збир на бодови за сите испитни прашања вклучени во тестот изнесува 30 бодови.

Испитот се смета за положен доколку кандидатот за инспектор освои најмалку две третини од вкупниот збир на бодови, односно најмалку 20 бодови.

Резултатот, односно бројот на освоени бодови како и исходот од полагањето на испитот-положен/неположен, ќе се оценува од страна на Комисија за организирање и спроведување на испит за инспектор, формирана со Решение од страна на Министерот за јавна администрација.

По завршување на испитот, Министерството ги известува инспекциските служби за резултатите од испитот и истите ги објавува на својата веб страница.

Испитните прашања се одбираат од базата на испитни прашања, која е формирана од страна на Министерството, а кои заедно со потребната литература за полагање на испитот се објавуваат на веб страницата на Министерството.

Базата на испитни прашања се ажурира по потреба и при промена на релевантните законски прописи на кои се засновани испитните прашања.

Времетраењето на испитот изнесува 60 минути.

Кандидатот за инспектор кој не се јавил или не го положил испитот во утврдениот рок, му се дава дополнителен рок од еден месец да го положи испитот, а доколку и во дополнителниот рок не го положи испитот му престанува работниот однос.

## ПОТВРДА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ИНСПЕКТОР

Во рок од 15 дена од денот на полагање на испитот, институцијата надлежна за обуки и стручно усовршување на административните службеници на инспекторот му издава потврда за положен испит за инспектор, со што кандидатот за инспектор вработен во инспекцијата како административен службеник се стекнува со статус на инспектор.